Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-748/4
Датум: 14-11-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 748/1 од 18.10.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] од Виница со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на пол, род, родов идентитет, сексуална ориентација и припадност кон маргинализирана група, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 10.11.2023 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] врз лицата припадници на ЛГБТИ заедницата.

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] врз лицата припадници на ЛГБТИ заедницата.

## О б р а з л о ж е н и е

На 18.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 748/1, од страна на [redacted] Скопје против [redacted] за сторена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на пол, род, родов идентитет, сексуална ориентација и припадност кон маргинализирана група.

Во претставката се наведува дека пријавената [redacted] на својот профил на социјалната мрежа Facebook објавила текстуална содржина со која се поттикнува и промовира дискриминација. Со претставката се информира Комисијата дека во моментот на нејзиното поднесување, објавата на посочената дискриминаторка веќе имала лајкови и коментари, со што според подносителите се поттикнала омраза кон лицата припадници на ЛГБТИ заедницата. Според подносителот на претставката цитираните истражувања во објавата се еднострани и погрешни, а биле цитирани со цел да се долови поентата дека на децата ќе им се наметне хомосексуалноста. Се истакнува дека пријавената била малициозна објавувајќи го статусот, со што создала


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

дискурс дека ништо не е вродено, сакајќи да ги прикаже хомосексуалците како болни, перверзни и штетни. Според подносителот текстот изобилува со навредливи тврдења кои го повредуваат достоинството на ЛГБТИ лицата, прикажувајќи дека децата ќе бидат под нечие влијание, а не под родителска грижа, и дека ќе им се наметнат секаков вид на блокатори уште во пубертетот, само за да бидат трансродови лица. Подносителите истакнуваат дека забележале коментари со содржина: „ова е идеологијата и тренд во кои растат децата, но и дека веќе сегде низ училиштата машки деца ги облекувале во фустани." Оттука, во претставката се наведува дека конкретниот статус на непосреден начин повикува на дискриминација и создава лажен дискурс, со што трансродовите лица се прикажуваат како штетни и болни, а нивните врски не се соодветни за да бидат опфатени во образованието. Тврдат дека за пријавената тоа е непобитен факт, за неа законите се штетни, па тргнувајќи од таа позиција смета дека децата ќе бидат принудувани да користат хормонски терапии. Воедно, се посочува дека пријавената дискриминаторка истакнала исклучувачка, хетеросексистичка дефиниција дека наведеното било тренд. Според подносителот нејзината цел била да се креира атмосфера на страв и паника. Оттука, се подвлекува дека со конкретната содржина од статусот, пријавената создала заканувачка, понижувачка, непријателска и застрашувачка средина, врз дискриминаторската основа – сексуална ориентација. Освен тоа што создала таква средина, за подносителот е спорно дали потенцијалниот дискриминатор како психолог по професија соодветно дава психолошка помош.

За потврдување на веродостојноста на наводите од претставката, подносителот во прилог на истата ја доставил содржината од пријавениот статус, која гласи:

*„Дечки, забегавме.....НЕ Е ЦЕЛТА на предлог – законот остварување на родова еднаквост и унапредување на правата на ЖЕНАТА, туку обид за прокламирање на патолошка идеологија која може да има долготрајни последици врз сите нас, а најмногу врз нашите деца...*
*Прокламираш закон во кој се вели дека лицата под 18 години ќе можат да одлучуваат ДАЛИ САКААТ ДА БИДАТ МАШКИ ИЛИ ЖЕНСКИ? ДАЛИ ВО ОВА ЛУДО ВРЕМЕ НЕКОЈ ЗНАЕ ВО КОЈА ВОЗРАСТ НАВРШУВА РАЗВОЈОТ НА МОЗОКОТ И КОГА МОЖЕ ДА СЕ ОЧЕКУВА ДОНЕСУВАЊЕ НА РАЦИОНАЛНИ, ЗРЕЛИ ОДЛУКИ?*
*Која е тогаш улогата на родителите, ако децата можат да одлучат да си стават/прават на телото СЕ што сакаат? ОВА Е ПОВРЕДУВАЊЕ ОД ОГРОМНИ РАЗМЕРИ...*
*И ОНАКА ЗНАЕМЕ ДЕКА СМЕ ДРЖАВА – ЕКСПЕРИМЕНТ (иако ова не е тренд само кај нас), ПА АЈДЕ ДА ДОЗВОЛИМЕ ДА СЕ НАМЕТНЕ ИДЕОЛОГИЈА КОЈА ДОЗВОЛУВА ДА ТИ ГО НАПУКААТ ДЕТЕТО СО БЛОКАТОРИ ЗА ПУБЕРТЕТ НА 11 – 12 ГОДИНИ?*

*ПОДДРЖУВАМ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЖЕНАТА ВО БИЛО КОЈА СМИСЛА, НЕ ПОДДРЖУВАМ ЌЕРКА МИ ДА СЕ НАТПРЕВАРУВА ВО (било кој) СПОРТ СО ТРАНС – РОДОВА ЖЕНА (читај маж), БИДЕЈЌИ ТОА Е ОД СТАРТ – ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЖЕНАТА! ДАЛИ ЗНАЕТЕ ДЕКА ВО ПЛИВАЊЕТО СЕ*

*ПОЈАВИЈА ТРАНС – РОДОВИ ЖЕНИ КОИ ПЛИВААТ ИСТИ ВРЕМИЊА СО МАЖИТЕ, И ДАЛИ МИСЛИТЕ ДЕКА НЕКОЈА ПЛИВАЧКА ЌЕ ИМА ШАНСА ЗА УСПЕХ ВО ВАКВА НЕРАМНОПРАВНА БОРБА???*

*ДАЛИ САКАМ МОЕТО ДЕТЕ, КОГА ЌЕ Е ВО НАЈРАНЛИВИТЕ ФАЗИ НА ФОРМИРАЊЕ ИДЕНТИТЕТ ДА ЕКСПЕРИМЕНТИРА СО ХЕМИСКИ СУПСТАНЦИ КОИ МОЖЕ ДА И ДОНЕСАТ ПОСЛЕДИЦИ ЗА ЦЕЛ ЖИВОТ (И ПО ФИЗИЧКО И ПО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ) ? И КАКО ТАА ДА БИДЕ СИГУРНА И САМОУВЕРЕНА СО СВОЈАТА ЖЕНСТВЕНОСТ КОГА НЕ Е ЈАСНО КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ЖЕНА? КАКО ТРГНАЛЕ, ЌЕ МОЖЕ ДА ИМА ПРОМЕНА НА ПОЛ ВЕДНАШ ПО РАЃАЊЕТО, ВО СЛУЧАЈ ДА СЕ ОДЛУЧАТ РОДИТЕЛ 1 И 2 (НИКАКО ТАТО И МАМА) ЗА НЕШТО ДРУГО....ВПРОЧЕМ, МОЖЕ ДА ОДЛУЧАТ И ДЕКА РОДИТЕЛИТЕ КИТ, ИЛИ ВОЛК...*

*ДАЛИ НЕКОЈ ЗНАЕ КОЛКУ ЗАРАБОТУВААТ ФАРМАЦЕВТСКИТЕ КОМПАНИИ ОД ОВА? ИАКО ОВА Е КЛУЧНОТО ПРАШАЊЕ, ЌЕ ПОСТАВАМ И ДРУГИ, ОНАКА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ...*
*-ДАЛИ НЕКОЈ ЗНАЕ КОЛКУ ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ ИМА ВАКВАТА РОДОВА ИДЕОЛОГИЈА ВРЗ МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ?*
*-ДАЛИ НЕКОЈ НАСЕТУВА КАКО СЕ КОРИСТАТ ЖЕНИТЕ ВО ЗАКОН КОЈ ВООПШТО НЕ ГИ ЗАСТАПУВА ЖЕНИТЕ? АКО НЕКАДЕ ПИШУВА ДЕКА БИЛО КОЈ МАЖ МОЖЕ ДА Е ЖЕНА, КАКО ТОГАШ ОВА СЕ ПРАВИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА „ПРАВАТА НА ЖЕНАТА"?*

*p.s. бев во заблуда дека ние сме далеку од оваа небулоза, но изгледа брзо усвојуваме се што носи дополнителен приход...ПА МАКАР И ПО ЦЕНА НА ЖИВОТОТ НА СВОИТЕ ДЕЦА!!!!*

*p.p.s. кој сака да разговараме на темава, нека ме побара, тешко дека ќе одговарам на коментари 😉 "*

На 25.10.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави известување со барање за произнесување по наводите од претставката до Сузана Арсовска Митревска.

На 03.11.2023 година, во законски предвидениот рок до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок со произнесување по наводите од претставката од [redacted]. Во поднесокот посочената дискриминаторка истакнува дека таа како рамноправен корисник на социјалните мрежи, на 03.07.2023 година објавувајќи го статусот, го произнела нејзиниот личен став во однос на предлог законот за родова еднаквост, притоа тргнувајќи од нејзината лична вредносна позадина која се стреми кон застапување на женските права. Понатаму, таа тврди дека нејзиното изнесување на социјалната мрежа не нанесува

повреда на ниту една маргинализирана група и воедно тврди дека тоа не била целта на нејзината изјава. Потенцијалната дискриминаторка наведува дека по професија е психолог, и дека психолозите се оние кои прокламираат антидискриминаторска политика, на било кое ниво и врз било кого. Таа наведува дека зборовите ги одбрала внимателно и се одраз на нејзината информираност на темата, што според неа не значи дека тоа што го објавила е апсолутна вистина. Од друга страна, наведува дека нејзината објава може да се толкува на повеќе начини. Воедно, во претставката истакнува дека под нејзината објава член/ови на [redacted] оставале коментари со закани и омаловажувања кон нејзиното знаење, со што според неа ѝ извршиле психолошко вознемирување. Поради тоа предлага во постапката за заштита од дискриминација тие коментари да се земат предвид. Во продолжение потенцијалната дискриминаторка образложува зошто нејзината објава не е дискриминаторска:

*„Никаде во мојот текст (објава) не се наведува личност/лице кон кое се обраќам;*
*Никаде во мојата објава не ширам говор на омраза кон хомосексуалните или трансродовите лица;*
*Во мојата објава акцентот е ставен на ЖЕНАТА и на нејзините права, а тоа никаде не е споменато во пријавата од* [redacted].
*Исто така, во објавата се ставам во улога на родител и објаснуваам зошто сметам дека би било несоодветно и штетно да се дозволи на лица под 18 години (деца) да донесуваат одлуки за кои сè* уште *не се доволно зрели (по сите развојни теории на личноста);*
*Во мојата објава поставувам прашања за размислување, односно отварам простор јавноста да добие интерес на некоја тема, никако со намера некого да навредам или да омаловажам;*
*Мојата слобода на говор е нарушена, со самото тоа што сум повикана на вакво произнесување, како и пријавена за дискриминација до Комисијата.“*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека подносителот на претставката [redacted] во својство на здружение има оправдан интерес за заштита на интересите на ЛГБТИ лицата и во рамки на својата дејност се занимава со заштита од дискриминација на засегнатата група. Оттука, подносителот согласно член 23, став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација има оправдан интерес за поднесување на претставката со која тврди дека поголем број на лица припадници на ЛГБТИ заедницата се дискриминирани.

Ценејќи ги наводите од претставката и поднесокот за произнесување по претставката Комисијата утврди дека е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација од страна на [redacted] врз лицата припадници на ЛГБТИ заедницата врз основа на заштитните карактеристики: родов идентитет и сексуална ориентација. Посочената дискриминаторка со објавување на конкретниот статус на нејзиниот профил на социјална мрежа, навлегла во вредносна оценка и критика на трансродовите лица и геј лицата. Имено, суштината на содржината на тој статус има за последица повреда на достоинството на овие лица, а воедно создава

непријателска, понижувачка и застрашувачка средина за овие лица во јавниот медиумски простор. Воедно, со конкретната активност посочената дискриминаторка на посреден начин охрабрува и дава упатство, односно поттикнува да се изврши дискриминација кон засегната група лица. Впрочем, самата наведува во поднесокот за произнесување *„Во мојата објава поставувам прашања за размислување, односно отварам простор јавноста да добие интерес на некоја тема, никако со намера некого да навредам или да омаловажам"*. Дотолку повеќе што намерата не е релевантен елемент при квалификување на дејствието на дискриминација.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека со конкретната објава, [redacted] сторила вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација кон ЛГБТИ заедницата, врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми.

**Согласно член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

*„**Вознемирувањето** претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

**Согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„**Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација** е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] да ја отстрани објавата која продуцира вознемирување и повикува на дискриминација од својот профил на социјалната мрежа "Facebook" и јавно да се извини за вознемирувачката објава кон ЛГБТИ заедницата. Јавното извинување потребно е да го објави на својот профил, на социјалната мрежа "Facebook" **во рок од 30 дена од прием на мислењето и препораката и за истото да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] во иднина да се воздржи од објавување на содржини кои продуцираат вознемирување во јавниот и медиумски простор врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и од активности со кои се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе го следи спроведувањето на препораката до нејзиното исполнување. Доколку лицето кон кое е упатена препораката во законски предвидениот рок не постапи по истата, Комисијата согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

[redacted]